Архивски број: 08-354/3
26-05-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-354/1 од 12.05.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] Скопје, за извршена дискриминација од страна на Општина Ѓорче Петров, со седиште на ул."Ѓорче Петров", број 73 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 25.5.2023 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА** постапка по претставката број 08–354/1 од 12.05.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Скопје, **поради повлекување на претставката од страна на подносителот.**

## Образложение

На 12.05.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted], Скопје, против Општината Ѓорче Петров.

Во претставката подносителката наведува дека од страна на потенцијалниот дискриминатор, Општина Ѓорче Петров, постои селективен пристап при изборот на улици кои треба да бидат рехабилитирани и реконструирани. Имено, изборот, наведува подносителката, се врши по предлог на мнозинството советници во општината, кои наводно имаат најголемо сознание каде, односно на кои улици треба да им биде даден приоритет при реконструирањето. Од страна на Секторот за урбанизам при Општината Ѓорче Петров како критериум ги наведуваат: најстари улици, улици со поголем број на население и слично, на што подносителката дава образложение дека првите 3 краци на улицата 51 од десната страна се првите и најстаро населени улици со население кое на наведените улици име постојано живеење, бидејќи до пред масовната урбанизација населбата се водела како викенд населба. Од 3 (три) краци, Општината според подносителката направила, односно го реконструирала само вториот крак.

По поднесувањето на претставката, а пред доставувањето на истата за произнесување до потенцијалниот дискриминатор, на 12ти мај 2023 година, лицето [redacted], по електронски пат достави Известување до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, заведено под број 08-354/2 со кое ја извести Комисијата дека предметната претставка ја повлекува. Во дополнување на Известувањето, како причина за повлекувањето наведе приватна порака примена од Градоначалникот на Општина, во која е наведено дека: "не постои никаков проблем, ситуацијата ќе се реши".

Врз основа на гореизнесеното, а согласно член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) согласно кој: ***"Комисијата носи заклучок за нповедување или запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето."***, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
25.05.2023година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk